Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 септември 2020 година, донесе

# ОДЛУКА

за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/898 на Советот од 29 јуни 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/898 на Советот од 29 јуни 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Северна Македонија

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/898 на Советот од 29 јуни 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП)2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Венецуела се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-8706/1**
**29 септември 2020 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Артан Груби**